Изработила: **Славијанка Дојчиноска ОУ Живко Чинго- Велгошти,Охрид**

Почеток на неделата: **датум:** **број на час: 39**			Единица: **Геометрија и решавање проблеми П1** **Својства на страните, аглите и симетријата на правилни многуаголници**			Одделение **VII**
Време	Цели на учење	Критериуми за успех	Активности		Ресурси	Доказ за постигнување
			Опис	Форми и техники		
15 мин	Именува и идентификува страни, агли и симетричност на четириаголници и триаголници и правилни, многуаголници со 5, 6 и 8 страни.	Можам да разликувам четириаголник петаголник шестаголник осумаголник . својства теме страна агол симетрија	Наставникот ги истакнува критериумите за успех. Учениците работат во групи од по 2 до 4 ученика со комплет од претходно конструирани четириаголници, идеално на динамичен геометриски софтвер. Учениците дискутираат за она што го забележуваат во врска со својствата на страните, аголите и симетријата на 2Д формите.	И/Г Техника ИКТ	Претходно конструирани четириаголници , идеално на динамичен геометриски софтвер како што е GeoGebra: https://app.geogebra.org/#geometry	Разликување на четириаголник петаголник шестаголник осумаголник својства теме страна агол симетрија
15 мин	Со користење на логички следства изведува заклучоци.	Можам да изведувам заклучоци за својствата на на различни 2Д форми	Наставникот на учениците им дава карти со запишани својства на 2Д форми. Во парови или мали групи, учениците ги наведуваат формите кои може да го имаат својството запишано на картата. *Дали ги вклучивте сите можни форми? Која форма се појавува најчесто на вашите листи? Зошто мислите дека тоа е така? Која форма се појавува најретко? Зошто мислите дека е тоа така? Дали има некои форми кои ги немаат овие својства? Можете ли да нацртате таква форма? Кои својства ги има?*	П Техника ИКТ	Карти со својства на 2Д форми, Слики од четириаголници триаголници и правилни многуаголници. Својства на формите на четириаголниците http://www.bbc.co.uk/bitesize/ks3/maths/shape_space/2d_shapes/revision/2/ триаголниците http://www.bbc.co.uk/bitesize/ks2	Набљудување, прашања, одговор, дискусија

					/maths/shape_space/2d_shapes/read/2/	
10 мин	Ги препознава, споредува и користи својствата на формите во две и три димензии.	Можам да препознавам, споредувам и користам својствата на формите во две и три димензии.	Користете слики на форми за да дискутирате за својствата на страните, аголите и симетријата на четириаголниците, триаголниците и правилните многуаголници.	П Техника ИКТ	Својства на формите на правилните многуаголници се резимирани на следната веб-страна: http://www.bbc.co.uk/bitesize/ks2/maths/shape_space/2d_shapes/read/5/	Набљудување, прашања, одговор, дискусија
Организација Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен (поврзано со активностите)			Забелешки / можности за проширување/ домашна работа			Клучна терминологија
Вовед: Организација на цела паралелка. Кај првата активност во воведниот дел на часот наставник повеќе ја следи работата на учениците, и согледува дали се јавуваат грешки во размислувањата. Во средишниот дел на часот, веќе се врши примена на стекнатите знаења од воведниот дел. Додека во завршниот дел наставникот наблудува и дава поддршка во текот на работата на учениците, онаму каде е потребно.			**Проширување на знаењата на учениците кои завршиле**:наставникот им дава работен лист со дополнителни задачи. Работниот лист со дополнителни задачи останува за домашна работа за учениците кои побавно ги извршуваат зададените барања од страна на наставникот.			препознава разликува, црта, конструира вредност, објаснува, оправдува, заокружува И- индивидуална работа П- работа во парови